ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Агенција за млади и спорт

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година _ Сметка за приходи од донации

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- Слабости и непрецизни одредби во врска со ангажманот на лица за потребите на проектот Европска недела на спортот;
- недостатоци во документацијата за плаќање во врска со извршените набавки со средства на проектот.

**Издадено мислење*:**
Изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на елементите од финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и резултатите на финансиските активности, додека за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2021 година издадено е неповолно мислење.

**Клучни препораки:**
- Промена на договорите кои се склучуваат со ангажираните лица во насока која ќе обезбеди сигурност во врска со вистинитоста на тврдењата за нивниот ангажман и извршени исплати;
- Соодветно документирање на извршените набавки во насока на потврдување на вистинитоста и објективност ана извршените исплати.

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на директорот на Агенција за млади и спорт.

**Одговор на добиени забелешки:**
Добиената забелешка не е прифатена поради недоставени докази со кои ќе се промени констатираната состојба.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-025/2018